Д. ДИМЕСКИ

# ТУРСКИТЕ РЕПРЕСАЛИИ ВО ЛЕРИНСКИТЕ СЕЛА ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Турскиот терор врз невиното македонско население во периодот на Илинденското востание достигнал невидени размери. Адекватно на разговорот на востанието и сè поголемите востанички успеси растел и се разгранувал турскиот терор.[1]) Турските репресалии што биле перфидно режирани од официјалната турска власт имале, пред сè, одмазднички и заплашувачки карактер.[2]) Овие репресалии проткаени со бестијалност се одвивале пред очите на тогашна цивилизирана Европа.[3]) Палежите на македонските села, масовните масакри и бестијалните оргии над незаштитените жени и девојки постанале обележје на македонското секојдневие во востанатите области.

„Во ослободителните борби на сите балкански народи хекатомбите на мачениците и на невините жртви многукратно ги надминуваат оние на хероите и на борците. Македонскиот народ не само што не ја избегна таа судбина но го плати многу поскапо својот копнеж за слобода"[4]) во 1903 година.

---

[1]) „Турската влада, чувствувајќи се бессилна да ги уништи директно нашите вооружени сили, им препорача на своите војски еден од највbooарварските начини за задушување на движењето што се состои во ограбување и горење на христијанските села и во обесчестување и убивање на жени и деца". (Акт бр. 368/30. VII. 1903 г. на Главниот штаб на Вториот Македоно-Одрински револуционерен округ — упатен до дипломатските преставници на Големите сили во Битола, Прилог кон извештајот бр. 96/15. VIII. 1903 г. на австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал, — Д. Зографски, Извештаи од 1903—4 год. на австриските преставници во Македонија, ИНИ, Скопје, 1955, 71; Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, т. II, Скопје, 1968, 276; Д. Кьосев, История на македонското движение, София, 1953, 310.

[2]) Турски звѣрства и опустошения (V.), — Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната Организация, 1904, 185—256.

[3]) „Човек треба да ги има способностите на Данте, Шекспир или на Емил Зола за да опише сè. Ние не разбираме зошто се гонат жените и децата. Во 20-от век пред очите на конзули, на дипломатијата да стануваат вакви варварштини — ние не разбираме што значи тоа." (Писмо на Г. Лукаров од 10. VIII. 1903 г., Горско реонско началство Порече—Рабетинкол, — до српскиот конзул во Битола, — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник, ИНИ, Скопје, 1953, 45—46).

[4]) Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, София, 1933, 418.

5*

Особено бил жесток турскиот терор во леринската каза.

Во неа прво се нашло на удар македонското село Крушоради. На 4 август 1903 година Турците го ограбиле и потпалиле ова село.[5]) Во пожарот од 77 изгореле 35 куќи. Останале здрави 42 куќи.[6])

Една недела подоцна го искусило турскиот гнев селото Прекопана. Ова планинско село што броело 220 куќи на 29 јули ст. стил/11 август н. стил 1903 година било нападнато со артилерија од турски аскер и башибозук од Рудничко.[7]) За среќа селото било празно зошто населението навреме дознало за доаѓањето на војската и се скрило во планината Присој. Турците во селото наишле само на тројца средновечни селани кои ги погубиле на ѕверски начин. Со нож биле заклани:

1. Дине Мучев, 50 годишен, болен;
2. Софија Мучева, 50 годишна; и
3. Георги Попов, 60 годишен.[8])

Откако го опљачкале и потпалиле, Турците го напуштиле селото. Притоа изгореле 80 куќи.[9]) На 14/27 август 1903 година броен аскер од Костурско повторно навлегол во ова село, ја осквернил селската црква, ги доопљачкал и запалил преостанатите куќи. Во пожарот изгореле 130 куќи меѓу кои и селското училиште.[10]) Останале здрави само 10 куќи.[11]) Населението и овојпат навреме се засолнило.[12])

Слична судбина доживеало и с. Неокази. Ова мешано село го сочинувале 174 христијански и 25 муслимански куќи.[13]) На 31 јули/13 август 1903 година во селото навлегло едно одделение анадолски аскер што ја чувало железничката линија на релацијата Лерин—Баница —

---

[5]) Прилог кон извештајот бр. 112/3. IX. 1903 г. на А. Крал, —; Извештај бр. 116 од 6. IX. 1903 г. на А. Крал, — Д. Зографски, op. cit., 102, 118.

[6]) Извештај на Љуб. Михајловиќ П. П. бр. 884/20 ноември 1903 год., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зборн., 148.

[7]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 199; Н. Темчевъ, Жѣртвитѣ при потушуване на Илинденското въстание, Илюстрация Илинденъ, г. XIV/5 (135), София, 1942, 12.

Меѓутоа, според австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал, Прекопана настрадала на 12 август. Сп. Извештај бр. 116/6. IX. 1903 г. на А. Крал, — Д. Зографски, op. cit., 119.

[8]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., 12.

[9]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 199.

Меѓутоа, според Темчев, изгореле 124 куќи. Н. Темчевъ. . ., Жертвитѣ. . ., 12; Според Чакаларова, „несреќното село е ужасно изгорено, останале само неколку куќи здрави". (Блаца, 8 август — ст. стил, Въстанието в Костурско, Дневник на В. Чакаларов, — Илинденско-Преображенското въстание, София, 1968,241).

[10]) Македония и Одринско. . ., 199.

Меѓутоа, според Темчев, биле потпалени преостанатите 56 куќи, од кои 8 останале недоизгорени. Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., 12.

[11]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 199.

Овие податоци изнесени во Мемоарот се согласуваат со податокот на Љ. Михајловиќ, писар во српскиот конзулат во Битола, — според кого во Прекопана од 220 изгореле 210 куќи. Извештај на Љуб. Михајловиќ, П. П. бр. 884 од 20. XI. 1903 год., — Љ. Лапе, Нови документи. . ., цит. зборн., 148.

[12]) Според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 199), во Прекопана биле убиени петмина селани. Наведовме имиња на тројца.

[13]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 200.

предводено од јузбашијата Хајдар-бег.[14]) Кон аскерот се приклучиле месните Турци, како и башибозук од селата Воштарани и Кенали.[15]) Огорчени од загубите во борбата кај Сетиње, Турците ги опљачкале и потпалиле христијанските куќи.[16]) Притоа изгореле 138 куќи.[17]) Изгорела и селската црква св. Атанас.[18]) Освен тоа повеле за Лерин 84 невини селани. Патем сите ги масакрирале.[19]) Тоа биле:

1. Стефо Тодорлиев, убиен при предавањето;
2. Стојчо Тодорлиев, „
3. Крсто Тодорлиев, „
4. Наум Тодорлиев, убиен покрај с. Неокази;
5. Илија Кулев, „
6. Димитар Кудев, „
7. Георги Димов, „
8. Тане Пецуков, „
9. Гиче Петричин, „
10. Коста Анецки, „
11. Гиче Анецки, убиен покрај селото;
12. Крсте Баничанец, „

---

[14]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ, XIV/4 (134), 10; Извештај бр. 116/6. IX. 1903 год. на австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал, — Д. Зографски, op. cit., 119.

Во Мемоарот е предаден датумот 1/14 август (Македония и Одринско, Мемоар.. 200; Истиот датум е изнесен и во извештајот на М. Г. Ристиќ, П. П. бр. 544/7 август ст. стил 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи..., цит. зб., 43.

[15]) Извештај бр. 116/6. IX. 1903 г. на А. Крал..., 119.

[16]) Борбата кај Сетиње се одиграла на 30. VII/12 август 1903 год.

Македония и Одринско, Мемоаръ..., 137, 200.

[17]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 200.

Меѓутоа, според Љуб. Михајловиќ од 80 изгореле сите 80 куќи (Извештај на Љуб. Михајловиќ, П. П. бр. 884/20. XI. 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи..., цит. зборн., 148); Според Темчев, од 72 изгореле 56 куќи. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинденъ, XIV/4 (134), 10).

[18]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., 10.

[19]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 200; Хр. Силяновъ, op. cit., 423; Извештај на српскиот конзул во Битола М. Г. Ристиќ П. П. бр. 544/7 август 1903 год., — Љ. Лапе, Нови документи..., 43; Телеграма на австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал бр. 9165/67 од 22 август 1903 год.,; Д. Зографски, op. cit., 77.

Меѓутоа, А. Крал подоцна се коригира и наведува дека биле одведени и убиени 70-на души. (Извештај бр. 116/6. IX. 1903 г. на А. Крал..., op. cit., 119). Според Темчева, биле убиени 61 селанец (Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., 4 (134), 10); Според еден егзархиски извештај биле убиени 50-на селани. (Записка бр. 90/25 август 1903 г., ЦДИА, ф. 246, сп. 1, арх. ед. 220, л. л. 199—200).

Освен тоа, според М. Г. Ристиќ, бил убиен и селскиот коцабашија, а во пожарот изгореле две жени и пет деца. (Извештај на М. Г. Ристиќ П. П. 544 од 7 август 1903 год., Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. збор., 43); А. Крал истакнува дека биле отепани „две жени и пет деца, а еден селанец бил исечен на парчиња". (Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 год., — Д. Зографски, op. cit., 119).

Меѓутоа, во Мемоарот се споменува дека покрај селскиот коцабашија биле исклани „многу жени и деца" (Македония и Одринско, Мемоаръ..., 200). Изгледа дека е невистинито тврдењето за масакрирање на многу жени и деца", со оглед на тоа што жените и децата биле прибрани во турските куќи", (Ц Д И А, ф. 246, сп. 1, арх ед. 220, л. л. 199—200).

13. Иван Јовчев, „
14. Гешо Христов, „
15. Тане Петрески, „
16. Христо Петрески, „
17. Васил Баничанец, „
18. Никола Баничанец, „
19. Ване Кирков, „
20. Иљо Кирков, „
21. Ване Самарџи, „
22. Лука Цаљапанка, „
23. Христо Дафов, „
24. Георги Забрдски, „
25. Тане Забрдски, „
26. Илија Бачанец, „
27. Дине Пецуков, „
28. Тане Биров, „
29. Мице Костовски, „
30. Ичо Лјашев, „
31. Коле Лјашев, „
32. Мице Кантарев, „
33. Стојчо Баничот (од с. Борешница)
34. Митре Пласти, убиен покрај селото;
35. Христо Лјонде, „
36. Танас Тодорлиев, убиен покрај Стара река;
37. Димитар Заек, „
38. Алексо Додов, „
39. Ичо Додов, „
40. Христо Попов, „
41. Стојче Попов, „
42. Гиче Јовчев, „
43. Ване Биров, „
44. Доне Биров, „
45. Ѕоле Асов, „
46. Најдо Петрески, „
47. Иљо Василев, „
48. Иљо Аџиев, „
49. Георги Емлјаков, „
50. Ване Бегинчев, „
51. Мијајле Нојков, „
52. Христо Танев, „

53. Димитар Цалјапанка, „
54. Петар Личев, „
55. Крсте Петрчанец, „
56. Коста Петрчанец, „
57. Стојко Кантаров, „
58. Стефо Шанга, „
59. Васил Лјашев, „
60. Коле Божинов, „
61. Стојче Пандилев,[20]) и др.

Според австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал „нивните трупови останале да лежат незакопани 10 дена на отворено поле."[21])

На 12/25 август 1903 година турски аскер и башибозук повторно се нафрлил на ова село. Притоа биле обесчестени 52 жени и девојки, а десетмина селани подлегнале на мачењата.[22]) Освен тоа, бил одвлечен сиот добиток.[23])

На 31 јули/13 август 1903 година пламнало и с. Буф.[24]) Трииљјадна турска војска придружена од башибозук, по судирот што го имала со востаниците во близината на с. Буф, навлегла во селото.[25]) Гротo на населението навреме го напуштило селото.[26]) Оние што не успеале да избегаат биле убиени. Настрадале:

1. Сотир Димитров, 70 годишен;
2. Петре Кочев, 70 годишен;
3. Ињо Наумчев, 60 годишен;
4. Коста Илиев, изгорел во фурната во која се скрил;
5. Јана П. Димитрова;
6. Илинка Балканова, 105 годишна;

---

20) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/4 (134) 10; А. Динев, Илинденска епопея, т. I, София, 1946, 398—399.

21) Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 год., — Д. Зографски, op. cit., 119

22) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 200.

Меѓутоа, според егзархискиот извештај (Записка бр. 90/25 август 1903, ЦДИА, ф. 246, сп. 1, арх. ед. 220, л. л. 199—200), по репресалиите на 12/25. VIII „бројот на убиените во тоа село се зголемува на 100 души". Сп. фусн. 19.

23) Записка бр. 90/25 август 1903, ЦДИА, ф. 246, сп. 1, арх. ед. 220, лл. 199—200.

24) Извештај на А. Крал бр. 115/5 септември 1903 г., — Д. Зографски, op. cit., 112; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 186, 199; Записка бр. 90/25. VIII. 1903 г. ЦДИА. . . , лл. 199—200.

Меѓутоа, според извештајот на М. Г. Ристиќ (П. П. бр. 544/7 август 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи. . , цит. зборн., 43), Турците го запалиле селото Буф, на 30 јули/12 август 1903 год.,; Г. П. Христов го споменува 1/12 август 1903 г. (Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония, По спомени на Л. Джеровъ, *Г. п. Христовъ*, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ, МНИ, София, 1926, 44); Меѓутоа, подоцна Г. П. Христов се коригира и го изнесува датумот 2/15 август 1903 год. (Г. П. Христов, Революционната борба в Битолския окръг, София, 1953, 64).

25) Извештај на А. Крал бр. 115/5. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 112—113.

26) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 199; Записка бр. 90/25. VIII. 1903, ЦДИА.

7. Спасија Кузманова, 60 годишна;
8. Неда Трпчева, 60 годишна;
9. Филип Колев, четиригодишен.[27])

Во турски раце паднала и младата вдовица Марија Трајкова со своето петгодишно дете Георги. Младата мајка најпрвин била силувана, а потоа заедно со нејзиното дете биле убиени и на ѕверски начин искасапени. Овие потресни сцени подробно се расветлени во Мемоарот.[28])

Селото Буф што броело 245 куќи било ограбено и потпалено.[29]) Оние куќи што ја преживеале огнената стихија, биле разрушени со топови.[30]) Овој вандализам го преживеале само пет куќи и црковниот ан.[31]) На 29. VIII/11 септември 1903 година двеилјадна турска војска повторно навлегла во селото. Притоа во аскерските шатори покрај селото биле одвлечени и обесчестени 44 жени и девојки. Меѓу нив биле: Иљовица Ангелска, Смилејца Маркоска и Јаница Василева со двете ќерки и снаата.[32]) На 28. IX/11 октомври с. Буф по третпат станало арена на турскиот терор.[33]) Непосредно по судирот со востаниците во близина на селото, броен турски аскер навлегол во Буф. Овој пат тројца селани биле масакрирани, а 52 жени и девојки обесчестени.[34]) Поради тоа, на 29. IX/12 октомври 1903 година 200 жени од с. Буф дошле кај странските конзули во Битола и ги изнесле на светлина турските злодела.[35])

---

[27]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ., XIV/4 (134), 10—11.

Меѓутоа, според Мемоарот, настрадале двајца мажи и седум жени и деца. (Македония и Одринско, Мемоаръ..., 199); Според А. Крал, фрлени в оган биле 2. лица, а 8 жени и деца биле убиени на друг начин. (Извештај на А. Крал бр. 115/5. IX 1903..., 113); Според М. Ристиќ, настрадале 7 жени и деца. (Извештај на М. Г. Ристиќ, п.п. бр. 544/7 август 1903..., 43); Според Г. П. Христов, настрадале десетина жени, старци и деца. (Къмъ борбитѣ, 44); Подоцна Г. П. Христов е поконкретен, изнесувајќи ја бројката од 13 убиени жени, старци и деца. (Революционната борба в Битолския окръг., 64).

[28]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 186.

Г. П. Христов говори за „жена застрелана со залп бегајќи со детето в раце". Останала на место мртва, а детето случајно останало живо. Революционната борба..., 64.

[29]) Извештај на Љуб. Михајловиќ, п. п. 884/20. XI. 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зборн., 148; Записка бр. 90/25. VIII, ЦДИА..., лл. 199—200; Македония и Одринско, Мемоаръ..., 199.

Меѓутоа, според Темчев, селото броело 230 куќи. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ, XIV/4(134), 11.

[30]) Записка бр. 90/25. VIII. 1903 г., ЦДИА,.. лл. 199—200.

[31]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 199; Записка бр. 90, ЦДИА, лл. 199—200.

Меѓутоа, според Љ. Михајловиќ, останале здрави 16 куќи (изгореле 229). Сп. Извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. 884/20. XI. 1903 г...., 148; а според Темчев, 19 куќи (изгореле 211). Сп. Н. Темчев, Жертвитѣ..., XIV/4, 11.

[32]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 199.

[33]) Къмъ борбитѣ.., 48; Революционната борба в Битолския окръг., 74; Македония и Одринско, Мемоаръ.., 137, 199; За судир во леринската каза на 28 септември ст. стил станува збор и во турските извештаи. Сп. Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зборн. 134.

Во извештајот на Љ. Михајловиќ погрешно е даден датумот 27. IX. ст. стил. Сп. Извештај на Љ. Михајловиќ, п. п. бр. 781/15. X..., 115.

[34]) Македония и Одринско, Мемоаръ.., 199.

[35]) Извештај на Љ. Михајловиќ, п. п. 781/15 октомври 1903 г.,—Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зборн. 115.

На 31 јули/13 август 1903 година пострадале и селата Раково и Битуше.[36])

И Раково било опљачкано и запалено. Во пожарот изгореле 115 од вкупно 130 куќи.[37]) Населението навреме избегало в планина.[38]) На 2/15 август 1903 година повеќе од 100 жени и деца од Раково пристигнале во Битола на поплака кај конзулите.[39])

Селото Битуше исто така било ограбено и потпалено. Од 40 куќи изгореле само 10.[40]) Овде биле масакрирани 18 мажи, жени и деца, меѓу кои и една бремена жена.[41])

Разгневени од неуспехот и загубите во борбата кај Езерцата на Бигла, турски илаве трупи предводени од Муса Бег-Кол Агаси на 4/17 август 1903 година се нафрлиле на блиското село Арменско.[42]) Притоа извршиле морбидни злочини кои тешко можат да се опишат.[43]) Нив-

---

[36]) Извештај на А. Крал бр. 115/5. IX. 1903 год., — Д. Зографски, op. cit., 113;

Меѓутоа, во Мемоарот е наведен датумот 1/14. VIII. 1903 г. (Македония и, Одринско, Мемоаръ. ., 199—200); а во извештајот на М. Ристиќ 30. VII. 1903 г./12. VIII н. стил (Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. 544/7. VIII. 1903, — Љ. Лапе, Нови документи. ., цит. зб., 43).

[37]) Записка бр. 90/25. VIII. 1903 г., ЦДИА, ф. 246, арх. ед. 220, л. 199—200; Македония и Одринско, Мемоаръ. ., 199.

Баронот Калице добил погрешен податок дека Турците во „Раково опожариле 300 од вкупно 315 куќи" при што оправдано изразува сомнение, зошто тој располагал и со друг податок дека с. Раково „засега во целина има само 74 куќи". Сп. Извештај на баронот Калице до грофот Голуховски — од 22 август 1903 год., — Т. Томоски, Документи од Виенската архива за Македонија (1879—1903), ИНИ, Скопје, 1955, 150, 154.

[38]) Македония и Одринско, Мемоаръ. ., 199; Извештај на М. Г. Ристиќ, п.п. 544/7. VIII. 1903. ., 43; Къмъ борбитѣ. ., 44.

Меѓутоа, според Крал, Турците во Раково убиле 17 души. Сп. Извештај на А. Крал бр. 115/5. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 113. Колку има вистина во овој податок тешко може да се утврди поради недостиг на други податоци.

[39]) Извештај на М. Г. Ристиќ, п. п. бр. 525/2 август 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зборн., 32.

Според Г. П. Христов, востаниците ги испратиле жените, децата и старците од с. Буф, Раково и Арменско во Битола да се жалат на конзулите. Притоа само арменчани биле спречени од турските власти. Сп. Къмъ борбитѣ. ., 46.

[40]) Македония и Одринско, Меморъ. ., 200; Извештај на А. Крал бр. 115/5. IX. 1903 г. . ., 113; Извештај на М.Г. Ристиќ, п.п. бр. 544/7 август 1903 г..., цит. зборн., 43.

Не е точен податокот на Г. П. Христов дека изгорело целото село, со исклучок на 8 куќи. Сп. Къмъ борбитѣ. ., 44.

[41]) Македония и Одринско, Мемоаръ. ., 200.

Според М. Г. Ристиќ, Турците убиле 17—18 души меѓу кои најмногу жени. Сп. Извештај на М. Г. Ристиќ п. п. 544/7 август 1903. ., 43; Според Г. П. Христов биле убиени „25 невини луѓе, жени и деца". Къмъ борбитѣ. ., 44.

[42]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ., Ил. Илинденъ, XIV/4 (134), 11; Македония и Одринско, Мемоаръ. ., 200; Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 120; Записка бр. 90/25. VIII. 1903 г., Ц. Д. И. А. ., лл. 199—200.

[43]) „Подробностите за извршените ѕверства воопшто не можат да се опишат. Има жени на кои стомакот им бил расечен, на други им биле извадени очите или исечени градите, главите и телата на малите деца биле нечовечно, просто со цепни носчиња продупчени, можеле да се видат доенчиња распарчени и фрлени на кучињата." (Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 год., — Д. Зографски, op. cit., 120); За злочините во Арменско известува и Љ. Михајловиќ. Сп. Извештај на Љуб. Михајловиќ П. П. бр. 582/15 август 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи. ., цит. зборн., 52.

ното навлегување во селото го најавиле топовски истрели кои всеале паника сред населението.[44]) Во тие морничави мигови биле убиени, според Мемоарот, 133 мажи, жени и деца.[45]) Меѓу убиените биле:

1. Свештеник Лазар, 30 годишен, убиен со нож[46]);
2. Ефа Цветкова, 15 годишна, убиена со куршум
3. Илија Цветков, 13 годишен, „
4. Лазар Мишев, 70 годишен, „
5. Д. Шумбов, 50 годишен, „
6. Таса Стојчева, 17 годишна[47])
7. Стојан Танчев, 45 годишен, убиен со куршум;
8. Симе Ташев, 28 годишен, „
9. Петре Панев, 13 годишен, „
10. Танас Алексов, 55 годишен, „
11. Филип Алексов, 15 годишен, „
12. Спасе Иванов, 6 месечно дете, изгазено;
13. Георги Стојанов, 37 годишен, убиен со нож;
14. Трајче Помпев, 75 годишен, убиен со куршум;
15. Ѓрујо Куфев, 55 годишен, „
16. Доне Куфев, 38 годишен, „
17. Мара Василева, 3 годишна, изгорела в куќа;
18. Трајан Куфев, 59 годишен, убиен со куршум;
19. Неделко Петров, 45 годишен, „
20. Митре Иванов, 60 годишен, „
21. Ѓеорги Митрев, 24 годишен, „
22. Коле Иванов, 70 годишен, „
23. Стојо Димов, 35 годишен, „
24. Георги Богоев, 27 годишен, „
25. Трајче Василев, 80 годишен, „
26. Јорданка Андреева, 18 годишна „
27. Ињо Иванов, 28 годишен, „
28. Копче Вранчев, 40 годишен, „
29. Кузман Јанев, 50 годишен, „

---

[44]) Н. Темчев, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинден, XIV/4 (134), 11.

[45]) Македония и Одринско, Мемоар. . , 200.

Меѓутоа, според Г.П. Христов, имало „120 трупа и 33 ранети, кој од кој побезобразно и поѕверски убиени, некои заклани со нож, други прободени со штик, трети дополу изгорени... Неопишива слика. Имаше околу 15 жени обесчестени и потоа заклани." (Г. П. Христов, Революционната борба в Битолски окрг. . , 66); Според А. Крал, во пожарот загинале 8—9 лица, а 67 меѓу кои многу жени и мали деца биле убиени. Сп. Извештај на А. Крал, бр. 116/6. IX. 1903 г. . . , 120; Според егзархискиот извештај биле убиени 70 души. Сп. Записка бр. 90/25. VIII. 1903 г., ЦДИА, л. 200.

[46]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . , Ил. Илинденъ, XIV/4 (134), 11.

За Лазара говори и Г. П. Христов. сп. Къмъ борбитѣ. . , 45; Революционната борба в Битолския окрънъ, . . . 66—67.

Според Мемоарот, овој патријаршиски свештеник бил погубен на 6/19 август 1903 год. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 200.

[47]) Кај Темчев погрешно е предадено името (Маса), како и бројот на годините (18), сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . , XIV/4 (134), 11; Истата грешка ја повторува Ангел Динев. Види: А. Динев, op. cit., 400.

30. Крстовира Бранчева, 40 годишна, расечена со нож;
31. Данаил Тодоров, 22 годишен, убиен со куршум;
32. Васил Станков, 35 годишен, „
33. Кочовица Станкова, 58 годишна, „
34. Димитар Стојчев, 18 годишен, „
35. Танас Трајчев, 33 годишен, „
36. Божин Чочов, 66 годишен, „
37. Карамфил Чочов, 52 годишен, „
38. Василица Чочова, 38 годишна, бремена, разпарана и малото извадено;
39. Велика Чочова, 3 годишна, расечена покрај мајка си;
40. Пецан Чочов, 70 годишен, убиен со куршум;
41. Пецаница Чочова, 70 годишна, „
42. Митра Пецанова, 40 годишна, „
43. Доста Неделкова, 12 годишна, расечена со нож;
44. Иван Димов, 55 годишен, „
45. Христе Иванов, 30 годишен, „
46. Илија Иванов, 35 годишен, расечен со нож;
47. Ињовица Станова, 32 годишна, „
48. Велика Илиева, 14 годишна, убиена со куршум;
49. Димитар Младенов, 47 годишен, „
50. Неделко Василев, 85 годишен, „
51. Иван Георшев, 50 годишен, „
52. Јанкулица Ѓошева, 33 годишна, „
53. Илија Јанкулев, 12 годишен, „
54. Ињо Дамчев, 65 годишен, „
55. Ињовица Дамчева, 65 годишна, „
56. Коте Ил. Дамчев, 38 годишен, „
57. Димитар Волканов, 20 годишен, „
58. Трендафилица Стојкова, 28 годишна, расечена со нож;
59. Никола на Трендафилица, 9 месечно дете, расечено до мајка си;
60. Васил Павлев, 65 годишен, убиен со куршум;
61. Василица Павлева, 65 годишна, „
62. Трендафил Панев, 15 годишен, „
63. Кочо Карајанев, 35 годишен, „
64. Танасица Шерифова, 80 год. „
65. Ташо Василев, 75 годишен, изгорел в куќи;
66. Тасе Василев, 58 годишен, убиен со куршум;
67. Алексо Постилов, 65 годишен, „
68. Неделка Јанева, 18 годишна, „
69. Стојче Јанкулов 47 годишен „
70. Филип Донев, 23 годишен, расечен со нож;
71. Босилка Петрова, 27 годишна, расечена со нож.[48])

---

[48]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинден, XIV/4 (134), 11; А. Динев, op. cit., 400—401.

Меѓутоа, според Мемоарот, имало многу исклани деца на возраст од 7—12 години. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 200).

Покрај нив, имало 30-на ранети,[49]), меѓу кои биле и:

1. Ендрица Михајлова, со скршена нога;
2. Иван Христов, рани од куршум во раката и ногата;
3. Василица Груева, откинат дел од раката;
4. Васил Кузманов, рани од куршум во раката;
5. Божиница Куртева, ранета во лицето со куршум;
6. Ристовица Куртева, рана од куршум на раката;
7. Јанкулица Стојкова, откината плешка;
8. Наумка Лазарова, ранета во ногата; и
9. Лазарина Маркова.[50])

Освен тоа, според Мемоарот, биле обесчестени 25 жени и девојки меѓу кои и селската убавица Таса Стојчева.[51]) Покрај тоа, селото било ограбено и запалено. Во пожарот изгореле 143 од вкупно 150 куќи.[52]) На 6/19 август 1903 година во селото дошле нови илаве трупи кои ги довршиле злочините.[53]) Веста за крвавите злодела во Арменско бргу се раширила. Набргу потоа, според австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал, „по долго настојување француските милосрдни сестри од Битола успеаја да добијат од Хилми Паша дозвола за патување во Лерин, каде во придружба на еден тукашен лекар им пружале помош на постраданите."[54])

---

[49]) Записка бр. 90/25 август 1903 г., ЦДИА, ф. 246, сп. 1, арх. ед. 220, л. 199—200.

Според Август Крал имало „31 тешко ранети, меѓу кои 13 жени и 6 моми што подоцна биле донесени во Лерин." (Извештај на А. Крал бр. 116/6 IX. 1903 г., — Д. Зографски, op. cit., 120).

[50]) Споменативе тешко ранети лица сеуште биле недоизлечени кога на 9/22 ноември 1903 г. ги посетил Н. Темчев со една Комисија за помош. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ, XIV/5 (135), 12; А. Динев, op. cit., 401.

[51]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 200.

Меѓутоа, според А. Крал, „19 жени биле обесчестени, а 3 моми ужасно искасапени." (Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 г..., 120); Според егзархиската записка биле силувани на најѕверски начин 8 жени и 10 девојки. (Записка бр. 90/25 август..., ЦДИА, л. 200); Според Г. П. Христов биле обесчестени 15 жени, а потоа убиени. (Къмъ борбитѣ.., 45, сп. фусн. 45).

Потресно сведоштво за бестијалното изживување над Таса Стојчева подробно е изнесено во Мемоарот. Види: Македония и Одринско, Мемоаръ..., 187—188.

[52]) Извештај на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 884/20 XI. 1903 год., — Љ. Лапе, Нови документи, цит. зборн., 148; Македония и Одринско, Мемоаръ.., 200.

Меѓутоа, според А. Крал, с. Арменско имало 160 куќи. (Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 год. ..., 120).

[53]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинденъ, XIV/4 (134), 11; Македония и Одринско, Мемоаръ., 200.

Според Мемоарот, покрај другото, тогаш била убиена една бремена жена „од утробата на која аскерот извади живо дете." (стр. 200).

Според Темчев, тогаш на патот за Лерин на ѕверски начин бил убиен арменчанецот Танас Стојков. (стр. 11).

[54]) Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 120—121.

Во текот на Илинденското востание било ограбено и потпалено и леринското село Љубетино.[55]) Во пожарот изгореле 43 од вкупно 55 куќи.[56]) Покрај тоа, во селото биле убиени:

1. Ноле Крстев, 27 годишен, убиен со кама;
2. Коле Рогов, 50 годишен, исечен со нож.[57])

Турците кон Невеска повеле група селани од Љубетино.[58]) Патем, во месноста Додова Чешма, на ѕверски начин биле ликвидирани:

1. Зафир Ташев, 55 годишен;
2. Дине Колев, 40 годишен;
3. Дине Пејов, 50 годишен;
4. Симо Типев, 27 годишен;
5. Ламбо Крстев, 40 годишен;
6. Геле Цилев, 20 годишен;
7. Ноле Ванев, 28 годишен;
8. Коле Стојчев, 45 годишен;
9. Циле Георѓиев, 40 годишен;
10. Ване Георѓиев, 50 годишен; и
11. Ице Митрев, 60 годишен.[59])

Обесчестени биле 20 жени и девојки од Љубетино. Две најубави девојки биле потурчени.[60])

---

[55]) Според Темчев, Љубетино било опожарено на 4/17 август 1903 г. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинден, XIV/5 (135), 12;

Според Мемоарот, Љубетино било запалено на 2/15 септември 1903 г. после борбата кај Љубетинското блато (Македония и Одринско, .., 200); Меѓутоа. според Љ. Михајловиќ, на 1/14 септември турската војска поминала низ „изгореното село Љубетино." (Извештај на Љ. Михајловиќ, п. п. бр. 680/20/IX. 1903 г., Љ. Лапе, Нови документи., цит. зборн., 93).

[56]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинденъ, XIV/5 (135), 12.

Меѓутоа, според Љ. Михајловиќ биле изгорени сите 40 куќи. (Извештај на Љ. Михајловиќ, п. п. бр. 884/20. XI. 1903..., 148); И во Мемоарот се споменува дека селото броело 40 куќи и дека незасегнат од огнот останал само чифлигот на Адем-бег. (Македония и Одринско, Мемоаря.., 200).

[57]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ, XIV/5 (135), 12.

Меѓутоа, според Мемоарот биле убиени тројца старци и две деца (Македония и Одринско, Мемоар..., 200); Според Љ. Михајловиќ биле убиени двајца старци и две деца. Сп. Извештај на Љ. Михајловиќ, п.п. 680/20. IX. 1903 г., цит. зборн., 93.

[58]) Според Мемоарот, Турците повеле со себе 13 селани. (Македония и Одринско, Мемоаръ., 200).

Бројката од 132 одведени селани, од кои ни половината не стигнале во Невеска, — изнесена во извештајот на Љ. Михајловиќ, ни изгледа хиперболизирана. Сп. Извештај на Љ. Михајловиќ, п.п. бр. 680/20. IX. 1903.., 93.

[59]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинденъ, XIV/5 (135), 12; А. Динев, op. cit., 402.

Меѓутоа, според Мемоарот биле убиени само 8 лица (Македония и Одринско, Мемоаръ.., 200).

[60]) Македония и Одринско, Мемоаръ.., 200).

Во текот на востанието било потпалено и селото Пателе при што изгореле само 7 куќи.[61]) Според А. Крал, на 16 август 1903 година било опожарено с. Трсје.[62]) На 4/17 август биле изгорени сите три христијански куќи на чифлигот Ориовско.[63])

На 4 август 1903 година турските репресалии ги искусиле 14 селани од Неволјани. Нивните куќи, како и селската црква биле ограбени.[64]) Според .Љ Михајловиќ, Турците со себе повеле 30 селани од Неволјани под изговор дека се комити.[65])

На 1/14 август 1903 година, анадолскиот аскер, што претходниот ден го ољачкал и изгорел с. Неокази, влегол во с. Врбјани.[66]) Притоа бил убиен Филип Маврев.[67]) Освен тоа, на жестока тортура биле подложени повеќемина селани.[68])

Истиот ден башибозукот во Воштарани измачувал петмина селани.[69]) За време на востанието во ова село биле убиени:

1. Зафир Иванов, 45 годишен; и
2. Стојче Колев, 27 годишен.[70])

Во август 1903 година Турците во Екшису ги убиле:

1. Кољо Евтимов; и
2. Циле Мравота.[71])

На 28 август/10 септември н. стил 1903 година, после една борба со востаничка чета, аскерот навлегол во Екшису и ограбил многу куќи.[72]) На 31 август/13 септември 1903 година друг аскер од Лерин влегол во

---

[61]) Извештај на Љ. Михајловиќ, п.п. бр. 884/20/XI. 1903.., 148.

По сè изгледа Пателе било запалено околу 10 август. Сп. Извештајот на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 г..., 119.

[62]) Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903, Д. Зографски, op. cit., 120.

[63]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 200.

[64]) Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 г., — Д. Зографски, op. cit., 118.

[65]) Извештај на Љуб. Михајловиќ, п.п. бр. 608/23 август 1903 г.,; Љ. Лапе, Неколку нови документи за Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, т. 6, Скопје, 1953, 271.

[66]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинденъ., XIV/4 (134), 10; Извештај на М. Г. Ристиќ п.п. бр. 544/7 август 1903 г., Љ. Лапе, Нови документи.., 43.

Cf. фусн. 14.

[67]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., 10.

За еден убиен селанец говори и Крал. Сп. Извештај на А. Крал бр. 116. од 6. IX. 1903 г., 120.

Меѓутоа, според М. Г. Ристиќ, биле стрелани двајца селани. Сп. Извештај на М. Г. Ристиќ п.п. бр. 544/7 август.., 43.

[68]) Извештај на А. Крал бр. 116/6 септември 1903 г., 120.

[69]) Ibidem.

[70]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ.., Ил. Илинденъ, XIV/5 (135), 12.

Меѓутоа, според М. Г. Ристиќ, биле убиени 6 мина селани, а многу жени обесчестени. Сп. Извештај на М. Г. Ристиќ п.п. бр. 544/7 август., 43.

[71]) Извештај на Љуб. Михајловиќ, п.п. бр. 608/23 август 1903 г., — Љ. Лапе, Неколку нови документи.., 271.

[72]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 200.

За турските репресалии во околината на Екшису види: Извештај на А. Крал бр. 124/16 септември 1903 год., Д. Зографски, op. cit., 131.

Екшису.[73]) Притоа ги истерал сите мажи над 15 годишна возраст надвор од селото. Потоа аскерот го претресол и ограбил селото. Меѓу другото, биле ограбени и осквернени двете селски цркви, како и до игла опљачкани дуќаните на Мице Србинов и Ст. Стојчев.[74]) Турците ја изгореле куќата на Донкалев и ги обесчестиле жените: Доца Ациева, Доца Ташева и Пологија Карајанева.[75]) За време на востанието од мирното население на Екшису настрадале:

1. Стефо Попов, убиен в планина;
2. Доре М. Србинов, „
3. Васил Каранчелов, убиен в корија.[76])

За време на востанието турскиот терор бил присутен и во селата Песодери, Живојно, Зелениче, Суровичево[77]), Неред[78]) и др.

Овде е потребно да се нагласи дека ни градот Лерин не останал незасегнат. Така, во Лерин на 7 и на 14 август 1903 година турските војници под изговор дека вршат претрес на сомнителните куќи, ограбиле повеќе куќи, „12 од нив опљачкале потполно, другите делумно, едновремено напаѓајќи ги жените. Возбудени поради тоа, работните луѓе ги држеле дуќаните затворени 14 дена."[79])

Во текот на востанието подеднакво настрадале егзархиските и патријаршиските села. Тоа, од друга страна, покажува дека населението, без оглед на иструкциите на странските пропаганди, ги пригрлило идеите на ТМОРО — сметајќи го востанието за свое.[80])

Ужасните турски злодела во Леринско[81]), посебно морбидните злочини во Арменско, се вбројуваат во редот на најтешките злосторства против човештвото.

---

[73]) Извештај на Љ. Михајловиќ п.п. бр. 680/20. IX. 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи. . , 93; Македония и Одринско, Мемоаръ, 200.

[74]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . , 200.

[75]) Ibidem.

[76]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ при потушуване на Илинденското възстание, Ил. Илинденъ, г. XIV/5 (135), София, 1942, 12.

[77]) В. Реформи, г. V/бр. 36, София, 26 августъ 1903 г., 3.

[78]) Според А. Крал и ова село било изгорено. Сп. Прилог кон извештајот на А. Крал бр. 112/3 септември 1903 год., 103; Извештај на А. Крал бр. 116/6. септември, — Д. Зографски, op. cit., 119.

Меѓутоа, барем засега, не пронајдовме сличен податок.

[79]) Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 год., 119—120.

[80]) Сп. М. Пандевски, Внатрешната Македонска революционерна организација во борбата за национално-политичко единство на македонските маси во периодот до Илинденското востание, Гласник на ИНИ, г. XII/бр. 2, Скопје, 1968, 82.

[81]) „Мене ми доаѓаат селани од тие села и ми раскажуваа такви ужаси од кои кожата му се ежи на човека. Измачувања од секаков вид, обесчестувања, вадење деца од мајчината утроба и фрлање на селските пци за храна, земања жени и моми, грабање, и палење на куќи. . . " (Извештај на Љ. Михајловиќ п.п. бр. 582/15 август 1903 год. — Љ. Лапе, Нови документи. . , цит. зборн. 52).

Според изнесените податоци, во Леринско биле опожарени селата: Крушоради, Прекопана, Неокази, Буф, Раково, Битуше, Арменско, Љубетино, Пателе, Трсје[82]), како и чифлигот Ориовско. Ова, покрај масовните масакри, силувања и тортури, јасно говори за размерите на турскиот терор. Тоа е воедно најдобар индикатор за успесите и растежот на востаничкото движење во Леринско.

[82]) Според Крал било опожарено и с. Неред.
Cf. ф. 78.